*Билјана ВАНКОВСКА*

**УДК: 341:[327:17**
Изворен научен труд

## МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ПРОБЛЕМАТИЧЕН ИЛИ ХАРМОНИЧЕН ОДНОС

***Кратка содржина***

*Трудот го анализира односот меѓу меѓународното право и меѓународните односи, односно нивната заемна поврзаност, како прашање од суштинско значење и за теоријата и за практиката. Почетната премиса гласи дека иако претставуваат одделни научни полиња, тие не можат да се истражуваат независно едно од друго. Дури и оние кои не се согласуваат со тезата за ваквата академска синергија, сепак, се свесни дека без меѓународно право нема ни меѓународни односи, како и дека практиката на меѓународната политика е онаа од која израснува и врз чија основа функционира меѓународното право. Во анализата на овој однос, посебен акцент е ставен врз деконструкција на општоприфатената теза дека меѓународното право е, по дефиниција, „добро“ (позитивно, во вредносна смисла на зборот). Наместо тоа, ги осветлуваме значајните стратегиски и морални граници на меѓународното право, со што се наметнува потребата од покритички поглед за односот меѓу моќта и меѓународното право. Статијата завршува со сугерирање на нов истражувачки пристап во анализата на овој однос.*

***Клучни зборови:*** *МЕЃУНАРОДНО ПРАВО, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ, МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИКА, ЕТИКА, ПОРЕДОК*

### 1. Разбирање на меѓународното право

Без исклучок, правото ги регулира односите помеѓу субјектите во секоја држава. Се смета дека, особено во демократските системи, граѓаните постапуваат согласно со правила кои самите (односно, преку нивните легитимни претставници) ги утврдиле низ посебна процедура за создавање на правото во рамки на институциите надлежни за тоа. Најопштата дефиниција на правото е дека претставува збир на правила и норми на однесување пропишани од надлежни органи во соодветна постапка, а зад чие остварување стојат државните инструменти на принуда. Правните правила и односи се односи на моќ, па затоа од суштинско значење е прашањето за нивната праведност/правичност. Односот меѓу правото и правдата се менувал низ историјата, но и во рамки на една иста политичка заедница зависно од промената на околностите, балансот на моќта, степенот на културен и друг развој. Правото и политиката се во причинско-последична врска: политичката волја, и логички и временски, ѝ претходи на правната норма. Во демократиите, правото е резултан-

та на интересите и залагањата на заинтересираните субјекти во врска со начинот на регулација на општествените прашања. Тоа се создава низ политичките процеси и е најмоќното и најефикасното средство за остварување на јавните политики на владејачките полтитички сили. Ефикасноста на правото се должи на задолжителноста на правните норми, чија примена е обезбедена со (закана од) државна принуда. За разлика од правото, кое претпоставува статика и предвидливост на однесувањата, политиката е динамичен процес. Оттука и нивната заемна противречност. Правото е најефикасниот инструмент за реализирање на политичките цели, но е и најефикасното средство за ограничување на политиката. Овој однос најдобро се изразува низ концептот за политиката во границите на правото, односно владеење на правото – ситуација во која правилата на политичката игра се утврдени со правото, а никој, вклучително и креаторите на правото, не е над правото.

И меѓународното општество се потпира на поредок утврден и уреден со правила и норми. Сè поголем број прашања, и во државите и во меѓународните односи, се уредуваат во согласност со меѓународните норми и стандарди или под нивно влијание. Постои општа согласност околу значењето на меѓународното право, иако несогласувања постојат околу неговата природа, и особено степенот на неговата имплементација/почитување. Долго време едно од најчесто поставуваните прашања гласеше: *дали меѓународното право е вистинско право*? Дилемата произлегува од фактот што во меѓународната сфера владее меѓународна анархија (Lechner, 2017). Второ, во меѓународната арена не постои законодавна власт, институција со исклучива надлежност да ги носи правните правила, ниту, пак, постои судска власт која ќе просудува во случај на спор и непочитување на меѓународно-правните норми. За некои теоретичари, од пресудно значење е фактот што меѓународното право нема командна функција преку која би ги принудувала оние на кои се однесува да го почитуваат (Bull, 1995), односно дека тоа претставува позитивистички морал. Меѓународното право ги опфаќа и меѓународните обичајни правила, што не е случај со националното право. Четврто, државите се најзначајните субјекти на меѓународното право, а како носители на суверенитет тие пристапуваат кон меѓународните аранжмани и ги прифаќаат и почитуваат меѓународните правила согласно со сопствената волја (т.е. низ внатрешен политички процес). Исклучок се нормите што имаат општозадолжителен карактер (ius cogens), кои се задолжителни за сите, а во кои се вбројуваат забраната за употреба на сила, геноцидот, злосторствата против човечноста, расизмот, трговијата со луѓе и сл. Како контрааргументи се наведуваат неколку: без оглед на слабостите, меѓународното право е стварно/постоечко, бидејќи предизвикува видливи последици во поглед на однесувањето на меѓународните актери, како и на нивното повикување на меѓународното право кога ги оправдуваат своите акции или ги бараат своите права. Второ, во меѓународните односи не владее хаос, туку организирана/зрела анархија, па иако не постои централен авторитет, сепак, меѓународните субјекти имаат насушна потреба да опстојуваат во организирана заедница во која се почитуваат некакви правила на однесување. Иако нема моќ да принудува, меѓународното право поттикнува доброволна согласност, што

е елемент кој постои и кај националното право, кое не се почитува само поради заканата од санкција, туку најчесто од убедување и со прифаќање. Второ, модерното меѓународно општество обезбедува разни форми низ кои државите и другите субјекти (вклучувајќи и меѓународни невладини организации) дебатираат и се договараат околу заедничките права и обврски. Трето, за различните меѓународно-правни аранжмани постојат и повеќе облици на решавање на спорови на судски или квазисудски начин. Четврто, за извршувањето на обврските преземени од меѓународните договори се грижи државата, но во некои ситуации постојат и други видови политички притисоци и санкции кои можат да влијаат врз однесувањето на меѓународните субјекти.

Меѓународното право претставува збир на правила и норми за кои државите и другите актери чувствуваат обврска да ги почитуваат во нивните заемни односи и обично ги почитуваат (Henderson, 2010). Овој текст, сепак, застапува малку пошироко разбирање, тргнувајќи од конструктивистичкиот поглед надополнет со сознанија од други пристапи (Brunnee and Toope, 2010). Под меѓународно право подразбираме: низа на *правила* со кои се управува дејствувањето на државните и недржавните актери; меѓународен правен *процес* на креирање правила, нивно толкување и имплементација предводен од страна на елитите; начин на *размислување* кој доминантно се фокусира на властите, правилата и правните ризици; соодветен јазик на делиберација, оправдување и обвинување (Bower, 2015); *елита* на правни практичари признати како „компетентни" во меѓународната правна „практика" (Adler and Pouliot, 2011), кои ги внесуваат правните „доблести" како што се правната одговорност, непристрасност, интегритет и човечност, развивајќи чувство на правна обврска преку нивните интеракции (Gaskarth, 2012). Следствено на ова, меѓународното право поседува чувство за морална цел или телеологија (Koskenniemi, 2011), што нужно ги поврзува сите аспекти на меѓународното право со легитимитетот и го прави почитувањето на правото многу значајно (т.е. „се грижиме за перципирање на нашите акции како легални затоа што меѓународното право се смета за добра/позитивна работа").

## 2. За односот меѓу меѓународното право и меѓународните односи

Во меѓународниот систем, политиката и правото се во блиски односи, како и во национални рамки. Но, во литературата за овој однос постојат различни стојалишта. Некои автори (Irish, Ku and Diehl, 2013) сметаат дека прашањето за поврзаноста на меѓународните односи/политика и меѓународното право е прилично запоставено. Други автори, пак, тврдат дека во подолг период од развојот на двете дисциплини, тие се игнорирале меѓусебно, и покрај тоа што фокусот на интерес отсекогаш бил многу близок – меѓународната соработка, прашањата на војната и мирот, регулацијата на заштитата на животната средина, трговијата, здравјето итн. Меѓутоа, последните две децении доаѓа до позачестени повици за премостување на раз-

ликите и за поблиска академска соработка (Yasuaki, 2003; Ku, 2013), иако практиката покажува дека станува збор повеќе за декларативни заложби.

Вообичаено, (нео)реалистите настојуваат да го претстават меѓународното право како фикција, прашање на договор и согласност, или евентуално да го прикажат како посебна категорија која не е релевантна за меѓународната политика. Но, стварноста покажува дека речиси нема прашање или настан од меѓународната арена во кое политиката и правото не се преплетуваат. Оттука, и ставот дека меѓународната анархија е компатибилна со системот на меѓународното право. И без негирање на состојбата во која државите располагаат со различна моќ преку која ги остваруваат своите интереси, сепак, меѓународното право обезбедува минимум услови за меѓународната размена и соработка. Меѓународното право е креација на општеството на држави, кое има цел да ја задоволи заедничката потреба од поредок, поради која тие се подготвени да воспостават граници на својата слобода на акција во полза на заедницата во целина. За возврат, меѓународното право станува дел на контекстот во кој општеството на држави дејствува, ограничувајќи ги со збир на правила. Меѓународните односи влијаеле на меѓународното право, но и обратно. Ова е особено случај по Втората светска војна и Повелбата на ООН, но доминацијата на реалистите во дадените околности, сепак, фрлале сенка врз значењето на меѓународното право. Меѓународните правила се фактор во моделирањето на меѓународниот систем. Но, различните школи на меѓународни односи различно ја оценуваат нивната важност и функции. (Нео)реалистите тежнеат кон оцени за непресудната улога на меѓународното право или за него како креација на државите, кои преку него исклучиво настојуваат да си ги сочуваат националните интереси. Според нив, меѓународното право е само одраз на дистрибуцијата на моќта и способностите на меѓународните актери, па и самото е рефлексија на политиката на моќ. (Нео)-либералите му придаваат огромна важност, потенцирајќи го принципот на владеење на правото и во меѓународната арена, но во практиката, во име на ширењето на демократијата и/или човековите права, токму тие оправдуваат бројни повреди на меѓународното право.

Хендерсон (2010) смета дека меѓународното право е вградено во поредокот на меѓународните односи. Под поимот поредок тој подразбира траен модел/образец на вредности и однесувања, којшто ги структурира односите на актерите во подолг временски период (децении или векови). На пример, денешниот поредок ги подразбира вредностите на демократијата, човековите права и капитализмот, кои се општоприфатени од водечките држави кои се обидуваат да ги убедат останатите да ги прифатат. Правилата на меѓународното право помагаат во воспоставувањето и одржувањето на светскиот поредок. Уште повеќе, предуслов за признавањето на една држава е нејзината подготвеност и способност да го почитува меѓународното право, односно субјективитетот на државите е во директна корелација со меѓународното право. Мнозина со право укажуваат на влијанието на конфигурацијата на меѓународните односи врз природата и ефектите на меѓународното право. Промената на структурните модели на меѓународните односи доведува до промена на

содржината и опфатот на меѓународното право. Во ерата на биполаризмот, меѓународното право беше поделено, и суштински и според територијалното значење (на советско и на западно меѓународно право). Следуваше период на редефинирање (според некои дури и бришење) на разликите и бариерите, а со тоа и до промоција на неокантијанската идеја за светскиот морален и правен поредок (Bowring, 2008). Но, не помина многу време, а меѓународното право западна во длабока криза и доживеа деградација на глобален план, и тоа како резултат на воените интервенции и нивните последици во земјите како што се СР Југославија, Авганистан, Ирак, Сирија итн. Прашањето останува отворено: дали односот на силите на меѓународната сцена имаше пресудно влијание врз слабеењето на степенот на почитување на меѓународното право, или обратно – немоќта на меѓународното право дозволи нееднаква правна положба на меѓународните субјекти. Имајќи ги предвид големите разлики во моќта со која располагаат, сите држави немаат еднаков удел ниту во креирањето на меѓународното право ниту во поглед на неговото (не)почитување.

### 3. Преиспитување на наративот за „добриот“ и „лошиот“ карактер на меѓународното право

Во поново време, фокусот на академската заедница, и на онаа од областа на меѓународното право и на таа од областа на меѓународните односи, станува сè покритички во поглед на идеализираната претстава за меѓународното право. Кил, Фејт и Фонте (2013) го оспоруваат легитимитетот на креирање на меѓународното право низ призма на непочитување на базичните демократски стандарди, односно тврдејќи дека го создаваат странци кои не подлежат на избори и кои немаат морален авторитет да создаваат обврски за суверената волја на слободните граѓани/народи. Претставниците на критичката школа, пак, својата критика ја изложуваат врз сосема различна позиција, тврдејќи дека одредени земји (како што се САД, на пример) располагаат со преголема моќ во рамките на процесот на создавање на меѓународното право (Okafor, 2008), како и дека меѓународното право во себе содржи и неправди и им служи на моќните интереси скриени зад ореолот на универзалност и правда (Sinclair, 2010; Simpson, 2004). Некои ја насочуваат критиката кон природата на правната мисла и практика, поради тоа што кодификацијата на моралот и расправата во смисла на универзалните права станува толку апстрактна што ги фрла во сенка останатите вонправни можности или пошироки погледи на проблемите (Schick, 2006). На пример, Андерсон (2009, 337) смета дека меѓународното кривично право ги сведува злосторствата на глобална сцена на безизразната и намерно студена судница. Слично, Модирзадех (2014) смета дека расправата за техничко-правните аспекти на употребата на дроновите од страна на САД го свртува вниманието од огромното значење на водењето мудра кампања против глобалниот тероризам. Шани (2009) смета дека меѓународното право служи како средство за обезбедување чиста совест во ситуации на масовни злосторства, поради тоа што последиците им се препуштаат на правниците, па малкумина мислат на причините кои довеле до

злосторствата. Голем дел од критиките се упатени и на сметка на меѓународните правници кои умеат секоја постапка да ја оправдаат со повикување на потребата од јакнење на меѓународното право (кое, само по себе, е добро и кое еден ден ќе донесе мир и правда во светот). Кенеди (2005) остро ја критикува формалистичката тенденција на правниците кои се впуштаат во екстензивни дебати околу формата и процедурата, игнорирајќи ја консеквенционалистичката анализа дури и кога станува збор за прашањето на животот и смртта. Слична е и тезата дека перверзните исходи од употребата на меѓународното право не се должат на слабоста на меѓународните институции, туку токму на нивната сила. Така, Финемор и Барнет (1999) зборуваат дека моќта и патологијата на меѓународните организации имаат исти корени. На пример, рационалистичко-легалистичкиот авторитет на бирократијата му дава предност на строгото следење на правилата пред флексибилноста (т.е. на правилата пред целите), дозволувајќи им така на бирократите значаен авторитет кој се повикува на нивната репутација на непристрасност. Поради тоа, тие можат да ги остваруваат сопствените политички цели без да бидат подложени на контрола.

Прегледот на критичките погледи на улогата на меѓународното право во современиот свет покажува дека најголемиот дел од нив се фокусира на нелегитимноста и демократскиот дефицит во неговото креирање, на структурните нееднаквости на глобален план кои се рефлектираат на создавањето и на примената на ова право, дискутабилната улога на меѓународните правници, или низ призма на хуманитарните и/или безбедносни потреби. Според одредени автори, меѓународното право дури има негативен ефект врз политиката на употреба на сила за заштита на туѓи животи или на сопствените граѓани (McKeown, 2017).

## Заклучок

Дисциплините на меѓународното право и на меѓународните односи/меѓународната политика долго време се третираа како сосема одвоени, па и сосема различни. Денешниот свет, сепак, ја открива „валканата мала тајна“ на научните кругови од двете сфери: сите знаат дека постоењето на меѓународното право има клучна улога за да се креираат меѓународните односи, како и дека практиката на меѓународната политика е суштествена за да може да се развива и да функционира меѓународното право (Joyner, 2006). Како и во национални рамки, помеѓу меѓународното право и меѓународната политика постои тесна дијалектичка врска, но и тенденции на правото да му се придаваат моќи кои тоа или не ги поседува или кои не се својствени за него. Имено, на меѓународната политика обично се гледа како на нешто валкано, кое не подлежи на принципи и на морални консидерации, и обратно – за меѓународното право се смета дека е над политиката и затоа е добро, чисто и морално. Дури, се смета дека денешното меѓународно право станало толку раширено и моќно што има хегемонска позиција, односно се зборува за толкава „легализација“ на светската политика што меѓународното право ги заменува другите легитимни дискурси, како што е моралноста. Така, најдлабоката критика која може да

се упати на сметка на одредено политичко однесување денес е да се каже дека тоа е повреда на некоја правна норма.

Прегледот на најновата теориска мисла, но и практика на креирање и применување на меѓународното право покажува инаква слика. Тоа е израз и продукт на односите на моќ кои владеат во меѓународната арена, и тоа не само на моменталните. Дури и такво, тоа се применува селективно или нееднакво. Од друга страна, неговата темна страна покажува дека преку него се перпетуираат постојните односи на моќ и на нееднаквост, особено во социоекономска смисла. Во таа смисла, токму теоретичарите на правото покажуваат извесен степен на слепило во однос на неговиот удел во структурите и дискурсите на доминантната хиерархија (Anghie 2006, 109; Hobson, 2012).

Освен кај критичката школа, другите правци на размислување ја прикажуваат историјата на меѓународното право линеарно, како приказна за прогрес кон рационален и хуман глобален поредок, во која меѓународното право игра улога на „нежен цивилизатор на народите“, како што тоа го нарекуваше Коскениеми (2001). Освен тоа, меѓународното право обично се прикажува како уникатно достигнување на европската цивилизација (Pitts, 2015). И денес доминира претставата за меѓународната арена како формално-правен егалитарен свет на национални држави, кои функционираат покрај хиерархизирани структури на моќ, кои се невидливи и тешки за контрола. Она што досега само критичката школа успеа да го навести е дека денешните меѓународни односи и меѓународно право коегзистираат во рамки на империјални и квазиимперијални структури, а не само во контекст на асиметрични односи во поглед на богатството и воената моќ. Историјата на меѓународното право е историја на универзализам и на хиерархија, кои тешко можат да се разграничат. А меѓународното право одигра значајна улога во структурирањето и легитимирањето на таквата хиерархија, парадоксално ама токму поради неговата моќ да зборува во име на правдата и еднаквоста, дури и кога тоа не е случај. Како што заклучува Питс (2017), теоријата на меѓународни односи, пак, отсекогаш била резервирана во однос на вредносната димензија која е суштествена за правото, па така нивната наводна дистанца и натаму се одржува.

**Литература**

Adler, Emanuel and Vincent Pouliot (eds.) (2011). *International Practices*. Cambridge: Cambridge University Press, 2011.

Anderson, Kenneth (2009). 'The rise of international criminal law: Intended and unintended consequences'. *The European Journal of International Law*, 20:2.

Anghie, Antony (2006). "Decolonizing the Concept of Good Governance". In Branwen Gruffydd Jones (ed.). *Decolonizing International Relations*. Lanham: Rowman & Littlefield.

Barnett, Michael N. and Martha Finnemore (1999). 'The politics, power, and pathologies of international organizations'. *International Organization*, 54:4.

Bower, Adam (2015). 'Arguing with law: Strategic legal argumentation, US diplomacy, and debates over the International Criminal Court'. *Review of International Studies*, 41:2.

Bowring, Bill (2008). *The Degradation of the International Legal Order?*. New York, Routledge.

Brunnee, Jutta and Stephen J. Toope (2010). *Legitimacy and Legality in International Law: An Interactional Account*. Cambridge: Cambridge University Press.

Bull, Hedley (1995). *The Anarchical Society: A Study of Order in World Politics*. 2nd edn. New York: Columbia University Press.

Gaskarth, Jamie (2012). 'The virtues in international society.' *European Journal of International Relations*, 18:3.

Henderson, Conway W. (2010). *Understanding International Law*. Oxford: Wiley-Blackwell.

Hobson, John M. (2012). *The Eurocentric Conception of World Politics*. Cambridge: Cambridge University Press.

Joyner, Christopher C. (2006). „International Law is, as International Theory Does?". *American Journal of International Law,* no. 1, vol. 100.

Kennedy, David (2005). *The Dark Sides of Virtue. Reassessing International Humanitarianism*. Princeton: Princeton University Press.

Koskenniemi, Martti (2011). 'Law, teleology and international relations: an essay in counterdisciplinarity'. *International Relations*, 26:3.

Ku, Charlotte (2012). *International Law, International Relations and Global Governance*. Oxford: Routledge.

Kyl Jon, Douglas J. Feith, and John Fonte (2013). 'The war of law'. *Foreign Affairs*, 92:4.

Lechner Silviya (2017). "Why anarchy still matters for International Relations: On theories and things". *Journal of International Political Theory*, vol. 13, no. 3.

McKeown, Ryder (2017). 'International law and its discontents: Exploring the darksides of international law in International Relations'. *Review of International Studies*, vol. 43, no. 3.

Modirzadeh, Naz K. (2014). 'Folk international law: 9/11 lawyering and the transformation of the law of armed conflict to human rights and human rights to global governance'. *Harvard National Security Journal*, 5:1.

Okafor, Obiora Chinedu (2008). 'Critical Third World approaches to international law (TWAIL): Theory, methodology, or both?'. *International Community Law Review*, 10.

Pitts, Jennifer (2015). "The Critical History of International Law". *Political Theory*, 43(4).

Pitts, Jennifer (2017). "International relations and the critical history of International Law". *International Relations*, vol. 31, no. 3.

Shany, Yuval (2009). 'No longer a weak department of power? Reflections on the emergence of a new international judiciary'. *The European Journal of International Law*, 20:1.

Schick, Kate (2006). 'Beyond rules: a critique of the liberal human rights regime'. *International Relations*, 20:3.

Simpson, Gerry (2004). *Great Powers and Outlaw States*. Cambridge: Cambridge University Press.

Sinclair, Adriana (2010). *International Relations Theory and International Law: A Critical Approach*. Cambridge: Cambridge University Press.

Yasuaki, Onuma (2003). "International Law in and with International Politics: The Functions of International Law in International Society". *European Journal of International Law*, vol. 14, no. 1.